Република Северна Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр. 02-251/7 24.07 2026г.

Republic of North Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel., факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk WEB: http:/www.nuub.mk

Врз основа на член 77-и став 4 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 15 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција за унапредување, како и начинот на нивно бодување во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, бр. 02-104/6 од 11.05.2021 година, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по интерен оглас 01/2026 за унапредување на даватели на јавни услуги

1. По интерниот оглас бр. 01/2026 објавен на 06.07.2026 година за унапредување на давател на јавни услуги во НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола се избира:
   - **Никола Марковски** – за работно место под реден број 1 со шифра КУЛ 03 04 Д03 001, Библиотекар - Стручен соработник во каталогизација на монографски публикации;
   - **Менде Доневски –** за работно место под реден број 2 со шифра КУЛ 03 04 Д03 001 - Библиотекар – Библиотекар за заштита и обработка на библиотечен материјал;

2. Изборот е извршен врз основа на Конечна листа на кандидати за унапредување и спроведено интервју по интерен оглас бр. 01/2026.
3. Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

На ден 06.07.2026 година на огласната табла и на web страната на НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола објавен е Интерен оглас бр. 01/2026 за пополнување на работни места со унапредување на даватели на јавни услуги.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на даватели на јавни услуги по интерен оглас бр. 01/2026, формирана од директорот со Решение бр.04-251/3 од 06.07.2026 година, изврши селекција на пријавените кандидати за што состави Записник бр. 04-251/4 од 15.07.2026 година, Предлог листа на кандидати бр. 04 - 251/5

од 15.07.2026 година и спроведе интервју на 21.07.2026 година со уредните кандидати за кое состави Записник бр. 04 – 251/6 од 21.07.2026 година.

Врз основа на горенаведеното, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола во рок од 8 дена.

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола
Директор

м-р Емилија Стефановска Давкова